Neni 4

Ky Sistem Tarifor hyn në fuqi në ditën e botimit të tij në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërkaq do të zbatohet nga data 1 janar 2024.

| | |
|---|---|
| Nr.12 -2641/1<br>18 dhjetor 2023<br>Shkup | Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut,<br>Zëvendëskryetari,<br>**Lirim Sulejmani,** d.v. |

**4694.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 8, а во врска со член 29, став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 18 декември 2023 година донесе

## Т А Р И Ф Е Н С И С Т Е М
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС И ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

Член 1

Во Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.285/22), во членот 2, ставот (2), точките 1), 2), 3) и 5) се менуваат и гласат:

„

1) „кубен метар природен гас“ е количина на природен гас содржана во 1m3 при апсолутен притисок од 1,01325 bar и температура од 0°C,

2) „Гасен ден“е период од 24 часа кој што започнува во 6:00 часот во тековниот ден и трае до 6:00 часот во наредниот ден сметано по CET време, при што на денот на преминување од зимско на летно сметање на времето, гасниот ден е период од 23 часа, а на денот на преминување од летно на зимско, гасниот ден е период од 25 часа

3) „Гасен месец“ е период од дваесет и осум (28) до триесет и еден (31) гасни денови, почнувајќи и завршувајќи на првиот ден од даден календарски месец во 6:00 часот по CET време. Тековниот гасен месец се означува како M. Следниот гасен месец се означува како M+1

4) „Гасна година“ е период што започнува во 6:00 часот сметано по CET време на 01 Октомври секоја календарска година и завршува во 6:00 часот сметано по CET време на 01 Октомври следната календарска година“.

Член 2

Во членот 5, ставот (2) се менува и гласи:

„ (2) Коефициентот КС го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамашниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) во износ од:

| Година на примена на овој Тарифен систем t | t | t+1 | t+2 | t+3 | t+4 | t+5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предложена вредност на $K_C$ | 0 | 15 | 30 | 45 | 60 | 75 |

Годината (t) на примена на овој Тарифен систем започнува од 1ви јануари 2024 година.

Член 3

Во Прилог 1, точката 4.2 се менува и гласи:

„4.2 Определување на категории на потрошувачи

Според карактеристиките и динамиката на користење на преносниот систем, се утврдуваат следните категории на потрошувачи:

- производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во рамките на ист процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија,
- производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи, и
- останати потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 Nm³

Соодносот на тарифите за пренос на природен гас за катагериите на потрошувачи изнесува: 1 : 1,1 : 1,15, соодветно.

На носителите на лиценци за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија за потрошените количини во период од 1-ви мај до 30-ти септември во годината, операторот на системот за пренос на природен гас може да им ја намали тарифата за вршење на дејноста пренос на природен гас до 50% од определените со Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на дејноста пренос на природен гас во тековната година.“

Член 4

Овој тарифен систем влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а започнува да се применува од 1 јануари 2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.01-2642/1<br>18 декември 2023 година<br>Скопје | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија<br>Заменик претседател,<br>**Lirim Sulejmani ,** с.р. |

---

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1) nënparagrafi 8, ndërsa në lidhje me nenin 29 paragrafi (1) të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18, dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.96/19 dhe 236/22), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 18 dhjetor 2023, solli këtë

## S I S T E M T A R I F O R
## PËR NDRYSHIMIN E SISTEMIT TARIFOR TË TRANSMETIMIT TË GAZIT NATYROR DHE TË TREGUT TË GAZIT NATYROR

Neni 1

Në Sistemin Tarifor të Transmetimit të Gazit Natyror dhe të Tregut të Gazit Natyror "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.285/22), në nenin 2, paragrafi (2), pikat 1), 2), 3) dhe 5) ndryshohen si në vijim: